ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Бр. 02-1109/1
05.11.2019 год.
СКОПЈЕ

# Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за земјоделство

Врз основа на членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, 96/19 и 110/19) В.Д. Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство на ден 01.11.2019 година, донесе

**УПАТСТВО**
**ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

### I. Општи одредби

**Член 1**
**(Предмет)**

(1) Со ова Упатство се уредува начинот на користење на прекувремената работа во Државниот инспекторат за земјоделство (во натамошниот текст: ДИЗ), како и други прашања поврзани со прекувремената работа.

**Член 2**
**(Поим)**

(1) Прекувремената работа претставува работа која се врши преку утврденото полно работно време предвидено со Законот за работните односи и колективен договор.

### II. Прекувремена работа

**Член 3**
**(Кога се врши прекувремена работа)**

(1) Вработените се должни на барање на ДИЗ, раководителите на сектори/одделенија да вршат работа преку полното работно време (прекувремена работа) во следните случаи:
- зголемување на обемот на работа;
- ако е потребно продолжување на деловниот и производниот процес;
-ако е нужно да се отстрани оштетување на средствата за работа, што би предизвикало прекинување на работата;
- ако е потребно да се обезбеди безбедност на луѓето и имотот, како и безбедноста на прометот и
- во други случаи определени со закон или колективен договор.

**Член 4**
**(Забрана за вршење прекувремена работа)**

(1) ДИЗ не смее да наложи работа подолго од полното работно време:
-ако работата може да се изврши со соодветна организација или распределба на работата, распоредување на работното време или воведување на нови смени;
- на работникот жена, поради заштита на бременоста, раѓање и родителство;
- на мајка со дете до три години старост и самохран родител со дете до шест години старост, освен ако работникот даде писмена изјава дека доброволно се согласува со прекувремена работа;


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

- на повозрасен работник без негова согласност;
- на работник кој не наполнил 18 години возраст;
- на работникот на кој врз основа на мислење на лекарската комисија поради таквото работење ќе му се влоши здравствената состојба;
- на работникот кој има полно работно време пократко од 36 часа неделно поради работа на работното место, каде што опстојуваат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања и
- на работникот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време) во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување (инвалидност), прописите за здравствено осигурување (медицинска рехабилитација) или други прописи (родителски обврски).

**Член 5**
**(Времетраење на прекувремената работа)**

(1) Прекувремената работа може да трае најмногу осум часа во текот на една недела и најмногу 190 часа годишно, освен за работите кои поради специфичниот процес на работа не можат да се прекинат или за кои нема услови и можности да се организира работата во смени. Прекувремената работа во период од три месеци не може во просек да надминува повеќе од осум часа неделно.

**Член 6**
**(Права на вработените кои работат прекувремена работа)**

(1) Вработените во ДИЗ кои работат подолго од полното работно време, (прекувремена работа), имаат право на додаток на плата согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

(2) На работникот кој работел над 150 часа подолго од полното работно време, а не отсуствувал од работа повеќе од 21 ден во текот на годината, кај истиот работодавач, во кои не се засметуваат деновите на искористен годишен одмор работодавачот е должен да му исплати покрај додатокот на плата и бонус во висина од една просечна плата во Републиката.

(3) Вработените во ДИЗ кои биле ангажирани да работат подолго од полното работно време, (прекувремена работа) имаат право на онолку слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

(4) Слободните часови, односни денови од тековниот месец административниот службеник ги користи до крајот на наредениот месец, по месецот во кој бил ангажиран врз основа на поднесено писмено барање од вработените.

(5) Доколку на вработените не им се обезбеди користење на слободни часови, односно денови му се исплатува додаток на плата согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

(6) Додатоците на плата предвидени со закон и колективен договор меѓусебно не се исклучуваат.

(7) Евидентирањето на работните часови поминати на работа подолго од полното работно време (прекувремена работа) се врши согласно со закон.


Државен инспекторат за земјоделство
Република Северна Македонија
Ул. Бул.Гоце Делчев бр.18 (Зграда на МТВ 13 кат)
Република Северна Македонија
+389 (02) 3121 462
www.diz.gov.mk

**Член 7**
**(Евиденција за прекувремена работа)**

(1) Во случаите наведени во членот 3 на ова Упатство, раководителите на секторите/одделенијата писмено или усмено (за итни и неодложни работи) ги известуваат вработените за потребата од прекувремена работа.

(2) По завршување на прекувремената работа, најдоцна до крајот на месецот, вработените кои оствариле прекувремена работа до Одделението за управување со човечки ресурси доставуваат барање за прекувремена работа со прилог известувањето од став 1 на овој член.

(3) Одделението за управување со човечки ресурси водат евиденција за прекувремена работа. По ажурирање на прекувремената работа, Одделението за управување со човечки ресурси барањето го доставува до директорот на ДИЗ на одобрување.

(4) Одобреното барање од страна на директорот на ДИЗ, се доставува до Одделението за финансиски прашања, за посебно да ги наведе во месечната пресметка на платата на работникот.

**Член 8**
**(Должност за известување)**

(1) ДИЗ е должен за секое воведување на прекувремена работа претходно писмено да го извести подрачниот државен инспектор на трудот.

**Член 9**
**(Примена)**

Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

**В.Д. Директор на Државниот инспекторат за земјоделство**
**Проф. Др. Зоран Шапуриќ**

Доставено до:
- Архива на ДИЗ